ДОКУМЕНТ СО СТАВОВИ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО И УЧЕСТВОТО НА МАЛИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Слоу Фуд Македонија









Декември, 2024, Слоу Фуд, Битола

Автор: Проф. д-р Емељ Туна / Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (УКИМ)

Фотографии: Слоу Фуд Македонија

ВОВЕД

Малите земјоделски стопанства претставуваат клучен сегмент на руралните економии. Тие се веројатно најважниот елемент во обезбедувањето одговор на глобалните предизвици како што се безбедноста на храната, намалувањето на сиромаштијата и постигнувањето на одржлив развој.



Во време кога големите индустриски земјоделски системи имаат доминантна улога, малите земјоделски стопанства отвораат врати за одржлив и инклузивен развој. Придонесуваат за поттикнување на претприемништвото, зачувување на биодиверзитетот и зајакнување на отпорноста на руралните заедници пред климатските промени и економската неизвесност.

Целите за одржлив развој (SDGs) на ОН имаат за цел да ја удвојат продуктивноста и приходите на малите производители на храна до 2030 година. Европските носители на одлуки неодамна го препознаа важниот придонес на малите стопанства во европското земјоделство и рурален развој, но и нивното брзо исчезнување во последните децении. Овој тренд се должи на неповолните демографски промени во руралните подрачја, како и на фактот што токму малите земјоделски стопанства се најпогодени од пазарните притисоци, екстремните временски услови и потребата за поголеми инвестиции во иновации и нови технологии. Оттаму се наметнува потребата од дефинирање на нивната улога, големина, удел и позиција во системот за храна.

Овој документ со ставови ги дефинира малите земјоделски стопанства и нивното значење и придонес во производството на храна во Светот, Европа и Република Северна Македонија, Исто така, претставена е и улогата и потенцијалот на Слоу Фуд Македонија и Тера Мадре во поддршката на малите земјоделски стопанства во Република Северна Македонија, како и во поттикнувањето на одржливи прехранбени системи, зајакнувањето на заедниците и поттикнување на активизмот во земјата.

СОДРЖИНА:

- Вовед
- Колку фарми се мали и колку храна се произведува на мали фарми?
- Малите земјоделски стопанства во светот
- Малите земјоделски стопанства во ЕУ
  - Главни предизвици и перспективи за малите земјоделски производители
  - Малите фарми во земјоделските политики на ЕУ
- Главни предизвици и перспективи на малите земјоделски производители во ЕУ
- Малите земјоделски стопанства во Република Северна Македонија
- Важноста на податоците за креирање на политики
- Улогата и потенцијалот на Слоу Фуд Македонија и Тера Мадре

Што претставува мало земјоделско стопанство?

Ова прашање има различни одговори во зависност од контекстот во кој се поставува и разгледува. За да се анализираат земјоделските структури и да се направат споредби меѓу земји, региони или временски периоди, може да се користат физички индикатори, како хектари обработливо земјиште или вложен труд по фарма. Сепак, овие показатели значително зависат од видот на земјоделското производство и обезбедуваат ограничен увид во економската состојба на фармите. Економската големина често пати се смета за посоодветен показател кога целта е да се идентификуваат малите фарми и да се истакне нивната улога или предизвици со кои истите се соочуваат (ФАО, 2011).

КОЛКУ ФАРМИ СЕ МАЛИ И КОЛКУ ХРАНА СЕ ПРОИЗВЕДУВА НА МАЛИ ФАРМИ?

МАЛИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ВО СВЕТОТ

Пет од шест фарми на глобално ниво имаат помалку од 2 хектара и управуваат со само 12% од земјоделското земјиште, произведувајќи приближно 35% од храната во светот[1].

Според ФАО[2] „ во светот постојат над 608 милиони семејни фарми кои управуваат со 70 до 80 % од вкупното земјоделско земјиште и произведуваат 80 % од храната во ЕУ. Иако семејните фарми доминираат, не сите се од мал обем. Околу 70% од сите фарми се помали од еден хектар и управуваат со само 7% од земјоделското земјиште. Дополнително, 14 % од фармите имаат површина од 1 до 2 хектари, додека 10 % се со големина од 2 до 5 хектари. Наспроти тоа, најголемите 1 % од фармите, кои се со повеќе од 50 хектари, контролираат над 70 % од светското земјоделско земјиште, при што речиси 40 % од оваа површина се концентрирани на фарми поголеми од 1.000 хектари.

Големината на фармите зависи од економскиот развој: 99% од фармите во богатите земји се поголеми од 5 хектари, наспроти 28% во сиромашните. Локалниот контекст е клучен, со доминација на мали фарми во Јужна Азија и подсахарска Африка. Разликите се присутни насекаде низ светот. На пример, во Замбија расте бројот на земјоделски стопанства со средна големина, поради урбани професионалци, додека во САД и Бразил се зголемува бројот на мали фарми и покрај концентрацијата на земјиште кај големите земјоделски стопанства.

Придонесот на малите фарми значително варира и меѓу земјите – пример: до 80% во Кина, додека во Бразил и Нигерија тој е помал од 10%.

[1] Small family farmers produce a third of the world's food

[2] Small family farmers produce a third of the world's food - World | ReliefWeb

МАЛИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ВО ЕВРОПА[3]



Во 2020 година, Европската унија броела 9,1 милиони земјоделски стопанства, од кои доминантен дел (94,8 %) биле семејни фарми. Од друга страна, во структурата на фармите, големите фарми со 50 или повеќе хектари, сочинуваат само 7,5 % од вкупниот број на земјоделски стопанства во ЕУ, но истите управуваат со дури 68,2 % од земјоделското земјиште.

Малите земјоделски стопанства се најчесто дефинирани како оние со помалку од 10 хектари и истите претставуваат речиси 70 % од сите земјоделски стопанства во ЕУ (речиси две третини од фармите се помали од 5 хектари). Овие мали земјоделски стопанства играат важна улога во намалувањето на руралната сиромаштија и зачувувањето на руралните заедници. Тие се клучни за одржување на руралното претприемништво, зачувување на традиционалните земјоделски практики и обезбедување на разновидна и квалитетна храна, што ги прави незаменлив дел од европското земјоделство. Тие се основен дел од земјоделскиот сектор во ЕУ бидејќи придонесуваат и во зачувувањето на биодиверзитетот и обезбедувањето на храна.

Овој вид на фарми доминираат во Источна Европа, особено во Романија, каде што повеќето земјоделски стопанства се помали од 5 хектари. Фарми со средна големина среќаваат во Северна и Централна Европа, додека големи фарми се карактеристични за земји како Франција. Структурните промени доведуваат до континуирано намалување на бројот на малите фарми и консолидирање на земјоделските површини.

Главни предизвици и перспективи за малите земјоделски производители

Малите фарми ги одржуваат руралните заедници, ја зачувуваат регионалната идентичност и обезбедуваат вработување, особено во оддалечени области.

Економските истражувања веќе со години го поставуваат прашањето за иднината на малите земјоделски стопанства, особено во услови на променливи пазарни околности кои создаваат сериозни предизвици за земјоделците кои што се борат со конкурентноста и ризикот од исчезнување. Студијата на Европскиот парламент за иднината на европскиот земјоделски модел предвидува дека до 2040 година бројот на земјоделски стопанства во ЕУ ќе се намали од 10 на 4 милиони.

[3] Small farms' role in the EU food system

Главните стратегии за адаптација ќе бидат насочени кон зголемување на земјоделските стопанствата и/или интензитетот на производството (ЕУ Парламент, 2022).

Факторите што влијаат на структурните промени во земјоделството се:

- **Надворешни фактори:** социо-економските услови, климатските промени, екстремните временски услови, конкуренцијата за ресурси и континуираните промени во преференции на потрошувачите и општеството.
- **Секторски фактори:** технолошкиот напредок, пазарните движења, ценовните флуктуации, регулацијата на пазарот на земјиште и предизвиците во синџирот на храна.
- **Јавни интервенции:** инструментите на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП - CAP), регулативите за животна средина и управувањето со климатски промени.

Структурните промени се јавуваат како резултат на интеракцијата меѓу овие фактори, при што земјоделските стопанства развиваат сопствени стратегии, а политиките имаат ограничено влијание. Сепак, одредени елементи имаат клучна улога во процесот на концентрација на стопанствата:

- **Територијални фактори** (особено во планинските и еколошко-деградираните региони со висок ризик од напуштање),
- **Пазарни структури** што го фаворизираат интензивното производство во големи земјоделски стопанства,
- **Стареење на населението и миграција од руралните области**,
- **Комплексноста на земјоделската професија** што бара значителни инвестиции во инфраструктура, образование и развој на вештини (особено во нови технологии и управување со ризици).

Според истражувања на ЕУ Парламентот (2022), доколку политичката цел е да се забави исчезнувањето на малите земјоделски стопанства и да се осигура нивниот опстанок, неопходно ќе биде да се решат неколку клучни потреби како: **подобрен пристап до земјиште, достап до средства за производство, финансиски ресурси и најважното, достапност до пазари и пласман на земјоделските производи**.

Подобрените земјоделски практики, вклучувајќи механизација и воведување на нови технологии со **поддршка преку обуки и советодавни услуги**, се клучни за адаптација кон климатските промени и надминување на критиките за неефикасност и загадување. Исто така, **диверзификацијата е клучна за одржливоста** на малите земјоделци, најмногу заради промените во вредностите и навиките на потрошувачите.

Малите фарми во земјоделските политики на ЕУ[4]

Земјоделските политики можат да имаат различни цели во однос на малите фарми – од нивна модернизација и раст, до зголемување на нивната дејност, како и поддршка на одржливост на малите земјоделски производители.

Поддршка за малите земјоделски стопанства и целите на Обединетите Нации (ОН) - Целта за одржлив развој (SDG) 2 на Обединетите нации се стреми да ја зголеми продуктивноста и приходите на малите производители на храна, а особено на жените, семејните фармери и руралните заедници до 2030 година. Ова вклучува еднаков пристап до земјиште, ресурси, финансиски услуги, пазари и можности за додадена вредност.

Инструменти на Заедничката земјоделска политика - Иако малите земјоделски стопанства се препознаени како значајни за руралните подрачја, распределбата на средствата од ЗЗП не е првенствено насочена кон нив. Повеќето средства се доделуваат врз основа на земјоделска површина, што создава нерамномерна распределба – 20 % од корисниците добиваат 80 % од субвенциите. Сепак, оценките покажуваат дека половина од корисниците се мали земјоделски стопанства (под 5 хектари), со 18 % зголемување на субвенциите по хектар за помалите земјоделци.

Субвенциите во секој случај придонесуваат за структурни промени – напуштање на земјоделството од страна на малите фарми и преземање на нивните ресурси од поголемите. Од друга страна, субвенциите ја намалуваат и разликата меѓу земјоделските и не-земјоделските приходи, што ги мотивира малите фармери да продолжат со работа. Малите фарми се повеќе зависни од поддршката на ЗЗП отколку поголемите и специјализирани фарми, а нивната способност за адаптација без субвенции е ограничена, особено кај фармерите со постаро население и помалку образование. Заради тоа, потребни се внимателно проектирани, соодветни политики и фокусирани мерки за да се обезбеди нивниот опстанок и придонес во одржливото земјоделство и руралниот развој.

МАЛИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во земјоделството во Република Македонија доминираат индивидуалните земјоделски стопанства, кои сочинуваат 177.845 од вкупно 178.125 стопанства, што ја истакнува распространетоста на малите, семејни фарми. Овие стопанства го контролираат најголемиот дел од 366.462 хектари земјоделско земјиште, со 311.277 хектари управувани од физички лица и 55.185 хектари од деловни субјекти (Графикон 1, ДЗС, 2016 год.).

[4] Small farms' role in the EU food system



Графикон 1. Број на земјоделски стопанства и земјиште со кое располагаат стопанствата (ДЗС, 2016 год.)

И покрај значителната употреба на земјиштето, 23.826 хектари остануваат неискористени, пред се во индивидуалните стопанства (21.190 хектари). Ова неискористено земјиште претставува можности за раст и подобрена ефикасност. Генерално, индивидуалните стопанства доминираат во земјоделството, додека деловните субјекти играат клучна улога во ефикасното управување со земјиштето. Решавањето на неискористеното земјиште може дополнително да ја подобри продуктивноста и одржливоста во секторот.

ВАЖНОСТА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ?

Прецизните податоци за големината на фармите се клучни за креирање на јавните политики што ги поддржуваат малите земјоделци, ќе ја зголемат нивната продуктивност и ќе ги подобрат условите за живот во руралните средини – цели што се поддржани од Декадата на семејното земјоделство (2019-2028) на Обединетите Нации.

И покрај напредокот, и во светски рамки и во рамките на ЕУ, истражувањето кои што се однесуваат на малите фарми често пати е ограничено и се заснова на застарени и нецелосни податоци (ФАО, 2023). Во новото истражување, објавено во „World Development“, се потенцира потребата од подобри и хармонизирани податоци за попрецизно разбирање на структурата на земјоделските стопанства со цел подобрување на политиките.

Во Северна Македонија, податоците за структурата на фармите се однесуваат на 2016 година, додека земјоделскиот попис сè уште не е спроведен (декември, 2024 год.). За да се добие попрецизна слика и да се развијат ефективни политики за малите земјоделски производители, потребни се подетални информации за структурата на земјоделските стопанства, производството, приходите и видот на сопственост. Слоу Фуд Македонија има база на податоци за производителите (операторите со храна), која се планира да се надгради за подобро да ги поддржи овие иницијативи.

Графикон 2. Главни предизвици и перспективи за малите земјоделски производители

Предизвици	Перспективи
1. Економски ограничувања • Пристап до финансиски средства и кредити. • Ниски цени за производите и несоодветна пазарна инфраструктура. • Недоволна диверзификација на приходите. **2. Пристап до пазари** • Ограничен пристап до локални и меѓународни пазари. • Недоволна маркетинг поддршка и дигитална писменост. • Монополизација на пазарите од страна на поголемите компании. **3. Усвојување на технологија и иновации** • Ограничена примена на современи технологии и машини. • Недостаток на едукација и обука за модерни земјоделски практики. **4. Природни и климатски фактори** • Зголемени ризици од климатски промени како суши, поплави и екстремни временски услови. • Деградација на земјиштето и недостаток на вода. **5. Политички и регулаторни бариери** • Комплексни регулативи и бирократски процедури. • Недоволна институционална поддршка. **6. Социјални и демографски предизвици** • Стареење на населението во руралните средини. • Намален интерес на младите за вклучување во земјоделскиот сектор. • Миграција кон урбаните средини и емиграција	**1. Диверзификација на производството** • Развој на органско земјоделство и производи со додадена вредност - ниши пазари • Агро-туризмот го комбинира еколошкото богатство на селата, живописните пејзажи, културното наследство, традиционалниот начин на живот и локалната храна и пијалаци, што ги прави руралните области привлечни за рекреација и слободно време. **2. Вклучување во задруги и здруженија** • Заеднички настап на пазарот за подобрување на преговарачката моќ. **3. Примена на технологии и иновации** • Користење на паметно земјоделство за оптимизација на ресурси. • Дигитални платформи за продажба и промоција на производите. **4. Пристап до финансии и грантови** • Финансиски инструменти за мали земјоделци. • Ефикасно искористување на ЕУ фондови и програми за рурален развој. **5. Туризам и агротуризам** • Поврзување на земјоделството со туризмот преку промоција на локалните традиции и храна. • Развој на туристички услуги, како што се посети на фарми и работилници за производство. **6. Образование и младинска инклузија** • Обука за модерни земјоделски практики и управување со бизнис. • Мотивирање на младите преку старт-ап поддршка и техничка помош. **7. Еколошка одржливост** • Усвојување на агроеколошки практики за заштита на природните ресурси. • Партнерства за климатски отпорни технологии.

Извор: експертски заклучоци

Улогата и потенцијалот на Слоу Фуд Македонија и Тера Мадре за поттикнувањето на одржливи одржливи прехранбени системи, зајакнувањето на заедниците и поттикнување на активизмот

Тера Мадре и Слоу Фуд Македонија го демонстрираат и потенцираат значењето на колективното делување што е особено важно во случајот на малите земјоделски стопанства.

Преку волонтерство, активизам и инклузивна мрежа, тие ги зајакнуваат поединците и заедниците да создаваат отпорни, етички и одржливи прехранбени системи кои носат придобивки за целото општество

Слоу Фуд Македонија е посветена на **зајакнување на своите организациски капацитети** и **проширување на својата мрежа** преку активна **мобилизација на членови преку волонтерство** и значајно ангажирање.



(Извор: Слоу фуд Македонија)

Волонтерството е во срцето на активностите на Слоу Фуд Македонија, нудејќи можности на членовите за личен развој и активно учество во планирањето, спроведувањето на проекти и поддршката на организациската логистика. Волонтерите исто така играат клучна улога во процесите на донесување одлуки, обезбедувајќи соработнички пристап за исполнување на мисијата на организацијата.


Настани – Бирарија (Извор: Слоу фуд Македонија)

Организацијата ги охрабрува своите членови да се приклучат на локалните конвивиуми или да основаат нови, формирајќи широка мрежа на истомисленици, производители и ко-производители кои придонесуваат кон глобалното движење Слоу Фуд.


Национален саем 1 (Извор: Слоу фуд Македонија)



Едукација на консументи – готвење (Извор: Слоу фуд Македонија)



Членовите се клучни учесници во организацијата, учествуваат во настани, поддржуваат локални и меѓународни иницијативи за храна и ја промовираат едукацијата за одржливи практики.



Со амбициозна цел да достигне над 1.000 членови во следните три години, Слоу Фуд Македонија се стреми не само кон зголемување на бројот на членови, туку и кон градење посилно чувство на солидарност и соработка.

Активизмот за храна, особено меѓу младите, е клучен фокус на Слоу Фуд Македонија. Преку предизвикување на пасивноста поврзана со модерниот консумеризам, младите активисти работат на подигање на свеста и влијаење врз одлуките поврзани со производството, дистрибуцијата и консумирањето на храна. Овие напори се насочени кон институциите, економските центри на моќ и поширокатa јавност, создавајќи значајни промени кон поправедни и одржливи прехранбени системи





Едукација за млади (Извор: Слоу Фуд Македонија)

Слоу Фуд Македонија, преку својата уникатна структура и филозофија, создава модел на одржлива заедница каде што храната не е само основна потреба, туку и културен и економски ресурс кој ги обединува луѓето. Во рамките на стратегијата, Слоу Фуд Македонија игра значајна улога преку активности за промоција на локални производи, зачувување на биодиверзитетот и едукација на населението. Оваа мрежа успешно ги интегрира глобалните принципи на Слоу Фуд во локалниот контекст преку организирање на настани како што се **Тера Мадре Македонија** и **Слоу Фуд Салони на вкусови**, како и преку иновативни едукативни програми во училиштата.

Целите на Слоу Фуд Македонија тесно се поврзани со глобалните цели на одржлив развој поставени во НСЗРР 2021-2027 како и Целите за одржлив развој (Sustainable Development Goals - SDGs) поставени од Обединетите нации (ОН).

Со поставување јасни цели и мерливи резултати, како зголемување на бројот на национални и локални настани, воведување на сензорна едукација и училишни градини, и унапредување на свеста за значењето на локалните производи, Слоу Фуд Македонија придонесува кон градење на одржливи рурални заедници. Дополнително, кампањите и публикациите ја подигнуваат свеста за важноста на добрата, чистата и правичната храна, поттикнувајќи промени во потрошувачките навики и поддршка за локалните производители. Целите коишто се во синергија со целите на НСРР 2021-2027 претставува иновативен модел за интегриран развој, кој истовремено ги адресира економските, еколошките и социјалните предизвици, со посебен акцент на младите, руралниот развој и одржливоста.

Интегрирани цели на Слоу Фуд Македонија во овој контекст се однесуваат примарно на:
1. Јакнење на капацитетите на земјоделците и производителите Слоу Фуд Македонија има за цел поддршка на малите производители преку обуки, вмрежување и примена на агроеколошки мерки, како и промоција на одржливи практики за производство. Оваа цел е клучна и за Националната стратегија (НСРР), која го адресира ова прашање преку поттикнување на одржлив приход за земјоделците, подобрување на конкурентноста, пазарната ориентација и примената на нови технологии.
2. Заштита на биодиверзитетот и природните ресурси Одбрана на биолошкиот и културниот диверзитет преку поддршка на локални производи и иницијативи за исклучување на ГМО семиња и намалување на пестицидите лежи во сржта на философијата на Слоу Фуд Македонија. Целите на НСРР 2021-2027 исто така вклучуваа заштита на биодиверзитетот, подобрување на еко-системските услуги, управување со вода, почва и воздух и прилагодување на климатските промени.
3. Едукација и промоција на значењето на храната Да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите е четвртата цел за одржлив развој на ОН. Слоу Фуд Македонија обезбедува едукација за храната во

училиштата, подигање на јавната свест и организирање кампањи за важноста на локалните производи и одржливите практики, како и обуки за готвење и слично. И фокусот на НСРР 2021-2027 е да се најде одговор на општествените барања за здравствените аспекти на храната, нејзината безбедност и намалување на отпадот.

4. Подобрување на синџирот на дистрибуција и додадената вредност

Слоу Фуд Македонија ја промовира примената на кратки синџири на дистрибуција за поврзување на производителите и потрошувачите, како и окрупнување на производителите за здобивање на конкурентска предност преку заеднички настап на пазарот. Оваа идеја е важен аспект за подобрување на положбата на земјоделците во синџирот на додадена вредност и поттикнување на локалниот развој во руралните средини, вклучена во НСРР 2021-2027.



5. Рурален развој и социјална инклузија

Слоу Фуд Македонија игра значајна улога во поддршката на локалните заедници, промовирајќи ги традиционалните производи преку активности на национално и интернационално ниво. Овие иницијативи ја поттикнуваат автентичноста и уникатноста на локалните производи, истовремено обезбедувајќи економска поддршка за руралните средини. Во исто време, во рамките на Националната стратегија за промовирање на вработување, социјална инклузија и економски раст, ваквите активности стануваат дел од пошироките напори за развој на био-економијата. Социјалната инклузија е основа на Целите за одржлив развој (SDGs) на Обединетите нации, овозможува подобрување на животните услови во руралните заедници, преку холистички пристап кој ги комбинира економските, социјалните и еколошките аспекти.

6. Вклучување на младите и иновации

Вклучувањето на младите е клучно за обезбедување на долгорочен развој во руралните средини. Слоу Фуд Македонија активно поттикнува млади производители преку програми за едукација, вмрежување и промоција на традиционалното производство. Овие активности создаваат можности за младите да станат двигатели на иновации, додека ја почитуваат локалната култура и традиции.

Во согласност со Националната стратегија, привлекувањето на млади земјоделци е дополнето со поддршка за развој на модерни бизниси, овозможени

преку дигитализација и примена на нови технологии. Со комбинирање на традиционалните вредности и современите иновации, младите можат да воспостават конкурентни и одржливи модели за производство и услуги.

7. Климатски одговор и одржлива енергија

Климатските промени претставуваат глобален предизвик кој бара итна акција на сите нивоа. Слоу Фуд Македонија ја нагласува потребата од примена на агроеколошки мерки, кои не само што го намалуваат влијанието врз животната средина, туку и ја поттикнуваат одржливоста во производството на храна. Во согласност со Националната стратегија и Целта за одржлив развој (SDG 13) поставена од Обединетите нации, потребно е итно преземање мерки за справување со климатските промени и нивното влијание. Ова подразбира зголемена употреба на обновливи извори на енергија, унапредување на енергетската ефикасност и примена на иновативни технологии кои ја зачувуваат природата и ресурсите.

Комбинацијата на локални агроеколошки практики со национални и глобални политики за ублажување на климатските промени овозможува интегриран пристап. Овој пристап не само што ја зајакнува отпорноста на заедниците, туку и ја поттикнува нивната економска и еколошка одржливост.





Едукација на консументи – готвење (Извор: Слоу фуд Македонија)



Видливост (Извор: Слоу фуд Македонија)

Користена литература

ДЗС, 2016. Структурно истражување за земјоделски стопанства. Државен завод за статистика на РСМ.

ФАО, 2011. EU Agricultural Economic Briefs issue 2, ФАО- Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации European Union (European Union). Journal article. http://ec.europa.eu/agriculture/rural-area-economics/briefs/pdf/02_en.pdf

ЕУ Парламент, 2022. BRIEFING Small farms' role in the EU food system. EU Parlament. Small-Sized Farmers in Europe: A Comprehensive Guidede

ФАО, 2021. Small family farmers produce a third of the world's food. Small farms' role in the EU food system. New FAO research focuses on contributions of farmers with fewer than two hectares